29ти

Конгрес на Македонско Стоматолошко Друштво
со меѓународно учество (МСД)

**СТОМАТОЛОГИЈАТА ПРЕД ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВОТО ВРЕМЕ:
МОЖНОСТИ И ОГРАНИЧУВАЊА**

15-18ти Септември 2022, Охрид, Хотели Метропол, Република Северна Македонија

# *ИНТРАОРАЛНО СКЕНИРАЊЕ – ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА ВО ДИГИТАЛНАТА СТОМАТОЛОГИЈА*

*- курс -*

## *Протетика*



*датум на одржување: 17.09.2022 година*
*времетраење: 14:30-18:30 часот*
*сала: Бизнис*

## ***ВОДИТЕЛИ НА КУРСОТ***




**ПРОФ. Д-Р ДАНИМИР ЈЕВРЕМОВИЌ**

**Стоматолошки факултет**
**Универзитет во Панчево**
**Србија**





**ПРОФ. Д-Р САШО ЕЛЕНЧЕВСКИ**

**Стоматолошки факултет – УКИМ**
**Скопје**
**Р.С.Македонија**


## ***КРАТОК ОПИС НА КУРСОТ***

Дигиталната стоматологија е повеќе од едноставен начин за изработка на протетички конструкции.

Во тој контекст, интраоралното скенирање претставува прв чекор во процесот на дигиталната изработка на реставрациите. Таа овозможува нов начин на работа, чие спроведување е побрзо, попрецизно, поедноставно и со помала можност за појава на грешки. Се промовира едноставноста, продуктивноста, овозможувајќи подобар конечен резултат. Интраоралните скенери, како што е Vivascan, се користат во дигиталната стоматологија за брзо земање на дигитална слика од интраоралните структури на пациентот, со што процесот на земање на отпечаток е попријатен за пациентот. Сликите, наречени дигитални отпечатоци, потоа се импортираат во CAD/CAM софтверот за дизајнирање и производство на денталните реставрации, како што се протези, коронки, фасети и дентални импланти. Дигиталните отпечатоци се исто така корисни при планирањето на ортодонтските третмани и изработка на ортодонтските апарати.
Сочувувањето на централната оклузија, дигитален mock-up, импортирање на други дигитални документи, како што се фотографии, овозможуваат комплетно нов пристап при изработката на денталните реставрации.

Во оваа работилница детално ќе биде прикажан принципот на работа во дигиталната стоматологија и начинот на употреба на интраоралниот скенер. Од реставрација изработена само на еден заб, до целосна рехабилитација на целата дентиција, дигиталната стоматологија претставува ново достигнување во стоматолошката професија.

Целта на курсот е да им овозможи на партиципиентите (докторите по дентална медицина и специјалистите од различни стоматолошки дисциплини) проширување на теоретските знаења од областа на дигиталната стоматологија, како и оспособување и стекнување на практични вештини од аспект на скенирање на денталните лаци со цел земање на дигитален отпечаток.
Практичен дел: Во текот на практичната работа секој учесник на курсот, со помош на интраорален скенер, ќе скенира претходно изработен специјален модел.

**АКРЕДИТРАН ОД СКМ СО 11 БОДОВИ ЗА ПАСИВНО УЧЕСТВО И 14 БОДОВИ ЗА АКТИВНО УЧЕСТВО.**

**БРОЈОТ НА УЧЕСНИЦИ Е ОГРАНИЧЕН.**

**ПРАВО НА УЧЕСТВО НА КУРСОТ ИМА СЕКОЈ РЕГИСТРИРАН УЧЕСНИК СО ПЛАТЕНА КОТИЗАЦИЈА ЗА 9 КОНГРЕС НА МСД СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО.**

**ЦЕНА НА КУРСОТ: 5000 ден.**

Примач: Македонско стоматолошко друштво
Ж. сметка: 300000001914234 - Комерцијална банка АД Скопје
Назнака: за КУРС протетиказа: (име, презиме, број на лиценца и меил)

**Задолжителна регистрација на msdcongress2022@msd.org.mk за курс и www.msd.org.mk во делот пријава за конгрес за регистрација на конгресот**